# Мој Термин - Упатство

## за внесување на податоци за следење на пациенти на домашно лекување кај матичен лекар (COVID-19)

Март, 2020

Управа за електронско здравство
Министерство за здравство

За прашања и коментари во врска со наведените опции и за се што е поврзано со користење на системот Мој Термин може да се обратите на телефонот за техничка поддршка (02) 15 444 и на адресата ***mojtermin@zdravstvo.gov.mk***

Тимот на Мој Термин Ви посакува успешна работа.

## Најава на системот




Слика 1. Најава на системот

За најава во Националниот систем за електронски евиденции во здравството, Мој термин, најпрвин се пристапува на страната **www.mojtermin.mk**, каде со избор на **Најава**, се отвора нов прозорец за внес на *Корисничко име* и *Лозинка* (Слика 1).

По најава во системот од страна на матичен лекар се отвора почетната страна на Мој Термин и се избира менито **Covid19 пациенти**. (Слика 2)




Слиа 2

Ова е страницата каде секојдневно се внесуваат податоци за пациентите кои се на домашно лекување за COVID-19. Процесот е едноставен, секојдневно се внесуваат одговори на прашања согласно упатствата дадени од страна на Комисијата за заразни болести.

За почетно внесување на пациент, во табот – **COVID19 пациенти на домашно лекување**, се избира копчето **Внеси дневен извештај за пациент**. Се внесува ЕМБГ на пациентот. (Слика 3)




Слика 3

По внесувањето на ЕМБГ на пациентот се отвара прозорец во кој се обележуваат одговори на прашањата кои се поставуваат на пациентот, со цел следење на неговата состојба. (Слика 4)




Слика 4

Откако ќе се внесат податоците се избира копчето **Зачувај**. Откако првично ќе се зачуваат податоци за пациентот, тој ќе се појави во листата на пациенти кои се на домашно лекување. (Слика 5)




Слика 5

За веќе внесен пациент, за кој треба да се пополнат нови податоци, се избира само **+**, при што се отвара прозорец со истите прашања. Доколку сакате да ги прегледате сите внесени податоци за еден пациент, изберете → (Слика 6)




Слика 6

Во овој дел може да направите и некоја измена, преку копчето **Уреди**, доколку сте вределе погрешен податок. Измените може да се прават само во тековниот ден (денот кога се внесени податоците). Доколку сте направиле погрешно внесување, имате можност истото да го избришете, преку копчето **Избриши** и да го внесете повторно.

На страницата постои и дополнителна можност за пребарување на веќе внесен пациенти во одреден датум. (Слика 7)




Слика 7

За сите прашања може да нè контактирате на линиите на техничката поддршка (02) 15 444, но од причина што линиите во овој период се прилично зафатени, може да ни пишете и на мејл mojtermin@zdravstvo.gov.mk. Ќе се обидеме да ви одговориме или да ве контактираме во најбрз можен рок.

Потребно е да ги ажурирате вашите податоци во системот Мој Термин. По најавата, со клик на вашето име (горе десно) во делот **Лични податоци**, проверете ги и внесете точни податоци, посебно за вашата e-mail адреса и телефонски број. (Слика 8)




Слика 8. Ажурирање на личните податоци на лекарот